МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Бр. 11-1083/3 од 12.03.2018 год.

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ( "Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 год.), а согласно член 118 став 3 а во врска со член 130 став 1 и став 2 и член 134 став 2 од Законот за животна средина ( "Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 39/16), постапувајќи по барањата на правните субјекти Друштво за производство на хартија и амбалажа "Дуропацк" АД Скопје Гази Баба и инсталацијата "ДС Смитх " АД Скопје заведено под бр. 11-9367/1 од 18.12.2015 година Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

## За целосен пренос на А –Дозвола за усогласување со оперативен план

1. Се пренесува А –Дозвола за усогласување со оперативен план за Друштво за производство на хартија и амбалажа "Дуропацк" АД Скопје Гази Баба на операторот "ДС Смитх " АД Скопје.

2. Се задолжува операторот "ДС Смитх " АД Скопје кој го бара преносот на на А –Дозвола за усогласување со оперативен план да ги надомести трошоците за објавата на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

3. Се задолжува операторот "ДС Смитх " АД Скопје да ги презме сите непоходни активности во насока на исполнување на обврските дефинирани во А –Дозвола за усогласување со оперативен план .

Образложение

Правниот субјект Друштво за производство на хартија и амбалажа "Дуропацк" АД Скопје Гази Баба доби А – Дозвола за усогласување со оперативен план (дозвола бр.11-4508/2 од 11.04.2014г). Согласно член 134 став 2 а во врска со членот 130 став 1 и став 2, операторот "ДС Смитх" АД Скопје по извршената генерална еколошка ревизија во насока на поднесување на барање за интерес на пренос на А – Дозвола за усогласување со оперативен план приложи извештај од извршената генерална еколошка ревизија. По разгледувањето на барањето од страна на Секторот за индустриско загадување и управување со ризик, Управа за животна средина орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање заведно под бр.11-9367/1 од 18.12.2015 и известувањето за дополнување на барањето со бр. 11-5526/1 од 15.11.2017година, како и дополнувањето на барањето од страна на операторот со бр. 11-1093/1 од 08.02.2018 година во смисла на член 118 став 1 од Законот за животна средина, се реализира целосен пренос на А – Дозвола за усогласување со оперативен план од операторот Друштво за производство на хартија и амбалажа "Дуропацк" АД Скопје Гази Баба на операторот "ДС Смитх" АД Скопје.

Имајќи го предвид погоре изнесеното се донесе решение како во диспозитивот

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатсво за правното средство: Против ова решение може да се изјави жалба во износ од 250,00 денари упатени на жиро смека 840*** ** ** ** во готови пари до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од објавување на решението во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија.

Министер
Sadulla Duraki

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ